РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП
ЛИКОВНА АКАДЕМИЈА

# ИНФОРМАТОР ЗА СТУДЕНТИ

ЗА СТУДИСКАТА 2017/2018 ГОДИНА

ШТИП, ЈУЛИ 2017 ГОДИНА

# Програма на неработни денови за 2017 година

Согласно со Законот за празниците на Република Македонија (Сл.весник на РМ број 21/98 и 18/07) во 2017 година, неработни денови се:

**<u>За сите граѓани на РМ</u>**

• 01 јануари (недела), Нова Година, односно 02 јануари (понеделник) е неработен ден
• 07 јануари (сабота), Божик, првиот ден на Божик според православниот календар
• 17 април (понеделник), Велигден, вториот ден на Велигден според православниот календар
• 01 мај (понеделник), Ден на трудот,
• 24 мај (среда) „Св. Кирил и Методиј“ Ден на сесловенските просветители
• 25 јуни (недела), Рамазан Бајрам, првиот ден на Рамазан Бајрам, односно 26 јуни (понеделник) е неработен ден
• 02 август (среда), Ден на Републиката
• 8 септември (петок), Ден на независноста
• 11 октомври (среда), Ден на народното востание,
• 23 октомври (понеделник), Ден на Македонската Револуционерна Борба,
• 8 декември (петок), "Св. Климент Охридски"

**<u>За граѓаните од православна вероисповед</u>**

• 06 јануари (петок), Бадник, ден пред Божик
• 19 јануари (четврток), Богојавление (Водици)
• 14 април (петок), Велики Петок, петок пред Велигден
• 02 јуни (петок), Духовден, петок пред Духовден

- 28 август (понеделник), Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица)

**<u>За граѓаните од католичка вероисповед</u>**

- 17 Април (понеделник), Велигден, вториот ден на Велигден
- 01 ноември (среда), Празникот на сите светци
- 25 декември (понеделник), првиот ден на Божик

**<u>За граѓаните од муслиманска вероисповед</u>**

- 01 септември (петок), Курбан Бајрам, првиот ден на Курбан Бајрам

**<u>За граѓаните припадници на албанската заедница во РМ</u>**

- 22 ноември (среда), Ден на Албанската азбука

**<u>За граѓаните припадници на српската заедница во РМ</u>**

- 27 јануари (петок), Свети Сава

**<u>За граѓаните припадници на ромската заедница во РМ</u>**

- 08 април (сабота), Меѓународен ден на Ромите

**<u>За граѓаните припадници на влашката заедница во РМ</u>**

- 23 мај (вторник), Национален ден на Власите

**<u>За граѓаните припадници на еврејската заедница во РМ</u>**

- 30 септември (сабота), Јом Кипур, првиот ден на Јом Кипур

**<u>За граѓаните припадници на бошњачката заедница во РМ</u>**

• 28 септември (четврток), Меѓународен ден на Бошњаците

**<u>За граѓаните припадници на турската заедница во РМ</u>**

• 21 декември (четврток), Ден на настава на турски јазик

**(извод од Статутот на Универзитетот)**

**Студенти и режим на студии**

Статусот студент се стекнува со запишување на Факултетот. Редовните, вонредните и студентите со кофинансирање се запишуваат под исти услови. Запишувањето на студентите во прва година се врши според условите предвидени со конкурсот за запишување.

Конкурсот го објавува Универзитетот.

Студентот чие образование го финансира државата може истата студиска година да ја повтори само еднаш. Ако во наредната академска година не го стекне правото за запишување на повисока година на студии, го губи статусот на студент чие образование го финансира државата, но има право повторно да ја запише истата година во статус на студент кој самостојно ги поднесува трошоците на студирање.

Студентите кои се: без родители, слепи, глуви, инвалиди од прва и втора група, мајки со деца до шестгодишна возраст и хоспитализирани имаат право на полагање на испити во дополнителни испитни рокови, најмалку двапати во текот на годината.

***Мирување на обврските на студентот***

На студентот, по негово барање, му мируваат обврските:

- за време на бременост;
- за студент со дете до 1 (една) година старост;
- за време на болест подолга од 1 (еден) семестар;
- во случаи на мирување на работниот однос утврдени со закон и
- во други случаи утврдени со закон и со актите на Универзитетот, односно единицата.

***Паралелно студирање***

Паралелно студирање е студирање според две одделни студиски програми. Студентот може по завршувањето на првата студиска година паралелно да се запише и на друга студиска програма, ако ги исполнил условите за запишување определени со студиската програма и со надоместување на трошоците за студирање.

Студентот по успешното завршување на првата студиска година со просечна оценка најмалку 8,00 (осум) може паралелно да студира на друга студиска програма без надоместок на трошоците за студирање.

Студентот кој успешно ги завршил обврските според двете студиски програми добива одделни дипломи за секоја од паралелните студиски програми.

***Премин од едни на други студии***

***Право на преминување***

Во текот на студиите, студентот може да премине од едни на други сродни студии на исто ниво внатре во рамките на единицата, на Универзитетот или од некој друг Универзитет, под услови утврдени со студиската програма, со тоа што преминувањето не е можно во текот на студиската година во која студентот за прв пат ги запишал студиите.

Преминувањето на студентите се врши врз основа на решение за признавање на остварените ЕКТС кредити. ЕКТС координаторот на единицата дава мислење за признавање на ЕКТС кредити.

***Запишување вонредни студенти***

Како вонредни студенти може да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и имаат договор за вработување на неопределено време, како и кандидати кои од оправдани причини не се во можност да се запишат како редовни студенти.

Како оправдани причини се сметаат: инвалид кој не е во состојба да ја посетува наставата; потешка долготрајна болест, која оневозможува редовно следење на наставата подолго од еден семестар; родител на дете додека трае породилното отсуство.

Вонредни студенти се запишуваат според истите услови и критериуми како и редовните студенти, а се рангираат на посебна ранг-листа.

При пријавувањето за запишување како вонредни студенти, кандидатите поднесуваат договор за вработување на неопределено време или лекарско уверение.

### *Повторување на испит*

Студентот којшто не го положил испитот може да го повтори.

Испитот од еден наставен предмет може да се повтори најмногу 4 (четири) пати, од кои четвртиот пат испитот се изведува пред комисија составена од 3 (три) члена, од наставници од исто или сродно наставно-научно подрачје.

Студентот кој и по четврти пат не успеал да го положи испитот е должен во наредната академска година повторно да го запише тој предмет.

Повторување на испит не е можно во ист испитен рок, туку само во наредниот испитен рок.

### *Завршување на образованието*

Студентите од првиот циклус на студии завршуваат со положување на сите испити, исполнување на сите други студиски обврски, како и изработка на дипломски труд.

Со завршувањето на студиите, студентот стекнува соодветно стручно или академско звање или степен, како и други права во согласност со посебните прописи.

„Студирањето на единиците на Универзитетот се завршува со полагањето на сите предвидени испити со студиската програма и изработка и одбрана на дипломски труд (за студиите во траење од 4/5/6 години 240/300/360 ЕКТС), односно полагање на завршен испит (за студиите во траење од три години 180 ЕКТС).

Дипломскиот труд претставува самостојна работа на студентот од одделно подрачје од студиската програма, со која покажува дека ја владее материјата од областа во која треба да ги заврши студиите.

Завршен испит претставува самостојна презентација на избрана тема на студентот пред трichлена комисија од однапред дефинираните предмети од студиската програма.

Темата за дипломскиот труд/ завршен испит студентот ја дефинира во договор со менторот од соодветната

катедра/институт/оддел, најрано со запишувањето на последниот семестар од студиската програма.

Списокот на менторите и темите за дипломски труд/завршен испит ги верификува наставно- научниот совет на единицата на Универзитетот по предлог на соодветната катедра/институт или оддел и истите се објавуваат на веб-страницата на единицата на Универзитетот“.

„Пријавата за изработка на дипломски труд и пријавата за полагање на завршен испит се поднесуваат во студентската служба на единицата во текот на последниот семестар од студиите.

Пакетот на обрасците за изработка на дипломски труд и обрасците за полагање на завршен испит се објавени на веб-страниците на соодветните факултети.

Пакетот на обрасците за изработка на дипломски труд во себе интегрира 4 поединечни документи, кои се составен дел на процедурата за дипломски труд (пријава за изработка на дипломски труд, тема за дипломски труд, потврда за позитивна оценка на писмениот дел на дипломскиот труд и пријава за јавна одбрана на дипломскиот труд).

Пакетот на обрасците за полагање на завршен испит во себе интегрира четири поединечни документи кои се составен дел на процедурата за полагање на завршен испит (пријава за полагање на завршен испит, тема на завршен испит, потврда за позитивна оценка на писмениот дел од завршниот испит, пријава за комисиско полагање на завршен испит).

Пријавата за јавна одбрана на дипломски труд/пријавата за комисиско полагање на завршен испит се поднесува до студентската служба, заедно со потврдата за позитивната оценка на писмениот дел на дипломскиот труд/писмениот дел на завршниот испит најрано по положувањето на последниот испит од соодветна студиска програма.

Поднесената пријава за јавна одбрана на дипломски труд/пријавата за комисиско полагање н завршен испит студентската служба ја доставува до комисијата за проверка на студентското досие“.

„Менторот на дипломскиот труд/завршниот испит е должен да ја следи работата на студентот при изработката на дипломскиот труд/при

приготвувањето на презентацијата на темата за завршниот испит, да му помага со совети и да го упатува во потребната литература“.

„Јавната одбрана на дипломскиот труд/комисиско полагање на завршниот испит се спроведува најдоцна во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на одлуката за формирање на комисијата за спроведување на постапката за јавна одбрана на дипломскиот труд/комисиско полагање на завршниот испит од страна на деканот на единицата на Универзитетот“. „Јавната одбрана на дипломскиот труд се состои од усно излагање/презентација на темата и образложени заклучоци, како и одговори на прашања од комисијата во врска со презентацијата на темата и заклучоците.

Полагањето на завршниот испит се состои од презентација на избраната тема пред трочлената комисија, како и одговори на прашања од комисијата во врска со презентацијата на темата.

Доколку студентот го одбрани дипломскиот труд/положи завршниот испит, потпишаната пријава од страна на комисијата за спроведување на постапката за јавна одбра на дипломскиот труд/комисиско полагање на завршниот испит се доставува до студентската служба на единицата.

Во случај кога студентот нема да го одбрани дипломскиот труд/ не го положи завршниот испит, комисијата го повикува студентот на повторна одбрана на дипломскиот труд/ полагање на завршниот испит најдоцна во рок од 30 дена.

Доколку студентот не го одбрани дипломскиот труд/положи завршниот испит и во повторениот рок се пристапува кон промена на темата за дипломски труд/завршен испит.

Дипломскиот труд/завршниот испит се оценува со единствена оценка од 10 (А) до 5 (F). Оценката се донесува со мнозинство на гласови од членовите на комисијата.

Студентот при запишување на последниот семестар од студиската програма 3 +1 поднесува барање за:

- полагање на завршен испит и стекнување на диплома за тригодишно образование;

- продолжување на студиите и стекнување на диплома за четиригодишно образование, со изработка и одбрана на дипломски труд, без полагање на завршен испит и без право на добивање на диплома за тригодишно образование.

Полагање на завршен испит и стекнување на диплома за тригодишно образование и продолжување на студиите со изработка и одбрана на дипломски труд и стекнување на диплома за четиригодишно образование“.

## ОПШТИ ПРАКТИЧНИ ИНФОРМАЦИИ

**За Македонија** - Република Македонија се наоѓа во Југоисточна Европа, во центарот на Балканскиот Полуостров. Граничи со пет држави: Србија, Бугарија, Грција, Албанија и Косово. Вкупната површина на Република Македонија изнесува 25.333 км2 , со водна површина од 477 км2 и земјена површина од 24.856 км2 , а вкупниот број на населението е 2.022.547 жители. Главен град на Република Македонија е Скопје, со вкупен број од 467.257 жители. Национална валута е денар.

**За Штип** – Штип е град во источниот дел на Република Македонија, во долината на реката Брегалница. Градот брои 47.796 жители. Тој е еден од најстарите градови во Македонија, лоциран на површина од 810 км2 . Се наоѓа на надморска височина од 300 м.

**Трошоци за живеење** – Основни трошоци за живеење за студентите се сместувањето и исхраната, кои се движат од 3.000 до 4.000 денари месечно (ако се сместени во Студентски дом). Во случај на исхрана во сопствена режија, студентите имаат богат избор на ресторани и други трговски капацитети кои нудат храна, а оброк може да се најде по цени од 60 до 300 денари.

**Сместување** – На располагање на студентите им се повеќе капацитети – два студентски дома, сместување во приватниот сектор, а кога станува збор за пократок временски престој, хотелската понуда е разновидна – како по ранг така и по цени. Во студентските домови цената (со вклучена исхрана) изнесува од 3.000 до 4.000 денари месечно. Во приватниот сектор цените на легло се движат од 1.500 до

3.000 денари месечно. Цените за ноќевање во хотелите се од 1.500 до 6.000 денари.

**Здравство и осигурување** – Студентите во Штип имаат обезбедена квалитетна здравствена заштита. За таа намена, на располагање им се капацитетите на Универзитетската клиника во состав на Факултетот за медицински науки, потоа јавните установи Здравствен дом и Градска болница, како и приватните здравствени ординации. За студентите секоја година се организираат систематски здравствени прегледи. Сите студенти се осигурени од последица на несреќен случај преку колективно осигурување, за кое издвојуваат по 150 денари при запишувањето на студиската година.

**Студенти со посебни потреби** – Универзитетот „Гоце Делчев“ се труди на сите свои студенти, вклучувајќи ги и студентите со посебни потреби, да им ги обезбеди сите погодности пропишани со Статутот на Универзитетот. Во грижата за еднаков третман на сите студенти, Универзитетот „Гоце Делчев“ постави рампи во повеќе универзитетски кампуси, со што им овозможи на студентите со телесна попреченост лесен и едноставен пристап до факултетите.

**Библиотеки** – Целокупната потребна стручна литература, прирачници, списанија, студентите можат да ја најдат во Универзитетската библиотека, во чии рамки се и библиотеките во четирите универзитетски кампуси. Библиотеките располагаат со читалници опремени со компјутерска опрема, а целокупниот фонд на Универзитетската библиотека е и електронски обработен, со што е олеснет пристапот од страна на студентите.

**Слободни активности** – За време на своето студирање, студентите можат активно да се вклучат во културно-забавниот и спортскиот живот, преку центрите кои се формирани со таа намена.

**Универзитетскиот спортски центар** опфаќа повеќе екипи во повеќе спортски дисциплини – кошарка, пинг-понг, мал фудбал, шах, карате, а дел од овие екипи се натпреваруваат освен во Универзитетските лиги и во официјалните државни натпреварувања. Основна цел на Универзитетскиот спортски центар е развивање, унапредување, омасовување и постигнување врвни резултати во

спортските активности на студентите и вработените, како и презентирање на достигнувањата во разни спортски дисциплини.

**Универзитетскиот културен центар** ги развива, унапредува и афирмира културните дејности на студентите и вработените, ги презентира достигнувањата од доменот на културата. Дејностите во рамките на Универзитетскиот културен центар можат да се организираат во посебни активности (културни, ликовни, музички, литературни, драмски, информативни и сл.) Во слободните активности, на студентите на располагање им се и сите останати содржини кои ги нуди Штип – преку театарски претстави во Народниот театар, изложби во организација на Националната установа Завод за заштита на споменициите на културата и музеј - Штип, што заедно со останатите капацитети за забавен живот создава предуслови за квалитетно минување на слободното време.

**ОБРАЌАЊЕ НА ДЕКАНОТ ДО СТУДЕНТИТЕ**

Драги студенти,

Неизмерно ни е драго што во период кога е потребно да донесете животна одлука за вашата професија, вие се одлучивте вашиот избор да е Ликовната академија, чија работа е втемелена на ликовност, креативност и негување и развивање на индивиудалноста.

Ликовната академија при универзитет Гоце Делчев во Штип креира катедри кои ја подигаат естетската вредност на идните студенти. Ликовната академија ќе ве оспособи и обучи како упешно да се претставите во земјава и во странство како ликовни уметници препознатливи со својот израз и стил. Во процесот на формирање на модерна држава неизбежно е да се има Ликовна академија за да го поткрева академското и естетско ниво на граѓаните.

Основната карактеристика на студирањето на Ликовната академија е истражување низ визуелни уметности поткрепени со теорија на хуманистички науки, но се подразбира дека студентите развиваат моќ на создавање, со текот на целото образование нивните дијапазони се прошируваат надвор од нивниот прв избор на насока.

Целиот процес на студирање е индивидуална активност на студентите или работа во мали групи каде професорот е главниот креатор на принципот и програмата која е застапена на ликовната академија. Овој тип на индивидуална настава овозможува максимална посветеност на професорот во градење на вашиот личен ликовен израз.

Наставната содржина се темели на европски искуства за ваков тип на специфични студии, но неизбежно задржува и дел од нашите ликовни традиции и визуелна култура на овие простори, преку специфични предмети кои се застапени во програмата.

Академијата е во процес на еволуција, воведува нови работи како карактеристика на посебна цивилизациска нота која ги воведува студентите во креативен порив во секоја димензија од животот и уметноста.

Еден од најзначајните настани за животот на Академијата е годишната изложба на работата на студентите, на Академијата, што претставува одлична можност да се претстави заедничката работа на наставниците и студентите и да се обрне внимание на идните носители на културата и образованието во областа на уметноста.

Начинот на студирање на Ликовната Академија при Универзитетоит Гоце Делчев во Штип е 4+2 во системот на студирање кој ќе се имплементира на сите студиски програми.

Добредојдовте на Ликовната академија, ние ќе дадеме се' од себе за да ви помогнеме во достигнувањето на вашите предизвици и остварувањето на вашиот сон.

**Декан,**
**проф. д-р Катерина Деспот**

**ВИЗИЈА**
Нашата визија е да ви помогнеме да ја остварите вашата визија! Не случајно зборот „визија“ има ист корен со зборот „визуелност“, а токму визуелното и ликовното се нештата на кои им обрнуваме најмногу внимание.

Заедно ќе ги изучуваме техниките на старите мајстори, како и современите техники од областа на уметноста; ќе зборуваме за големите имиња од светот на уметноста, за сите елементи и специфики кои се потребни да се создаде ликовно дело, а најмногу од се' – ќе цртаме, сликаме и вајаме.

На патот до остварување на вашата визија, а тоа е да станете самостојни квалификувани творци, ќе ви помогнеме на повеќе начини: ќе ви бидеме учители, ментори, но пред се' пријатели. Ќе бараме посветеност и одговорност, но ќе даваме знаење и искуство.

Притоа, никогаш нема да заборавиме дека секој од вас е посебна индивидуа, со различни интереси и афинитети, и максимално ќе се потрудиме поединечно да ви помогнеме во совладувањето на оние работи кои се генерални приоритети за професијата ликовен уметник, но и во вашите лични приоритети врзани за процесот на образование. Ликовната академија е место каде што ќе почувствувате што значи да се биде еднаков, но истовремено и различен.

**МИСИЈА**
Нашата мисија е да го приближиме професионалниот дел од светот на уметноста до жителите на источниот дел на Македонија, со цел образованието од областа на ликовните уметности да биде достапно до оние млади луѓе кои не можат да си дозволат подалечни патувања. Со отворањето на Ликовната академија во Штип, дел од таа мисија е исполнета.

Наша мисија е и да работиме на зголемувањето на свесноста и знаењето од областа на ликовната уметност. Преку континуирано организирање на изложби на нашите студенти, како и со организирана посета на повеќе изложби на странски и домашни автори, двонасочно ја негуваме и јакнеме свесноста за уметноста и нејзината важност во едно општество.

Нашата мисија исто така е да го подигнеме естетскиот критериум за уметноста, да ги осознаеме разликите помеѓу уметност и кич, да научиме да гледаме зад „убавото“, да ги вреднуваме трајните критериуми во уметноста кои ги трансцендираат вековите и епохите, да ја осознаеме естетиката на убавото, но и естетиката на грдото. Нашиот тим од професори школувани во Македонија, Русија, Украина, Романија, Бугарија е повеќе од квалификуван за овој вид на образовни предизвици.

И конечно, наша мисија е да учиме взаемно – вие од нас, но и ние од вас. Не постои исцрпено знаење, не постои тема која е доистражена, не

постои занает кој е усовршен, ниту уметничко дело кое е идеално. И покрај тоа, човекот се стреми да ги оствари овие идеали. Ваквиот стремеж секогаш е поинспиративен кога се споделува. Одвај чекаме да го споделиме со вас!

**ЗОШТО ДА СЕ ЗАПИШАМ НА ЛИКОВНА АКАДЕМИЈА?**

Затоа што, најверојатно отсекогаш сте сакале да се занимавате со уметност. Одлуките за занимавање со оваа професија не се прават од денес за утре, тие се носат во себе уште пред да станеме свесни за нив. Ако се двоумите, можеби и би можеле да ве убедуваме, давајќи ви причини зошто оваа академија е за вас. Но, ако се двоумите, можеби вашиот пат ќе ве одведе на друго место. Ако, пак, сте сигурни во вашата желба, тогаш нема потреба да се запрашувате „зошто“, туку „кога и каде“?

**КАКО Е ОРГАНИЗИРАНА НАСТАВАТА?**

Нашата Академија оваа година ќе запише трета генерација студенти од нејзиното формирање во посебна универзитетска единица, а петта генерација откако постои студиската програма по Класично сликарство. Воедно, ја запишува и првата генерација студенти по Вајарство. Академијата во моментов располага со комплетно опремени сликарски и вајарски ателјеа, во кои на располагање стојат штафелаи, табли, основи за вајање, глина, професионално осветлување, реквизити за поставување мртви природи, гипсени фигури и мулажи, и секако, живи модели.

Главната специфика на наставата по класично сликарство е постепеноста на воведување на проблематики и програмски содржини, со внимателно и добро испланирано усложнување на образовниот процес. Па така, првата година фокусот е ставен на изучување на основните цртачки техники и и совладување на маслената техника, пришто во фокусот ќе биде обработка на мртва природа. Во втората година се воведува проблематиката на портретот и пропорциите на човечката глава. Третата година е резервирана за изучување на човечката фигура и анатомија. Во четвртата година студентите се соочуваат со посериозни и посложени композиции, кои во себе ги инкорпорираат сите претходно стекнати искуства. Специфичен дел од наставата по класично сликарство е и ликовната практика, која се одвива надвор од ателјето, во природа, каде студентите се соочуваат со проблематиката на природна светлина и работа во плен ер.

Според принципите на Болоњската декларација и Европскиот кредит-трансфер систем, студентите на Ликовната академија, покрај задолжителите предмети, во секој семестар можат да избираат и од понудените факултетски изборни и универзитетски изборни предмети и на тој начин активно да учествуваат во креирањето на студиската програма и да ја приспособат на индивидуалните желби и афинитети. Потребниот број на освоени кредити за секој семестар е 30, односно вкупно 240 кредити за целите четиригодишни студии.

***Напомена: поради специфичноста на наставата и потребата од редовна работа во ателјето под надзор на професорите, на студиската програма по Класично сликарство и студиската програма по Вајарство се примаат исклучиво студенти во редовна квота и во квота со кофинансирање. Вонредното студирање на овие студиски програми не е опција.**

Академските студии се структуирани во два циклуса, според моделот 4+2 односно:

- четигодишни додипломски студии (1 циклус);
- двогодишни магистерски студии (2 циклус);

**До овој момент Академијата има акредитирана програма по додипломски студии (можноста за упис на магистерски студии ќе биде објавена на страницата на Универзитетот, па затоа ве молиме проверувајте ја периодично или контактирајте со нас).**

**Прв циклус**

**Класично сликарство:**
**Основни (додипломски) академски студии,** со траење од 4 години (8 семестри), во вредност од 240 КТС и со можност за добивање на следното академско звање: **дипломиран ликовен уметник од областа на класичното сликарство.**

**Вајарство:**
**Основни (додипломски) академски студии,** со траење од 4 години (8 семестри), во вредност од 240 КТС и со можност за добивање на следното академско звање: **дипломиран ликовен уметник од областа на вајарството.**

**КАКО СЕ РЕАЛИЗИРА НАСТАВАТА?**
Специфичноста на професијата и на образовниот процес налагаат одржување на настава по стручните предмети во мали групи. Но, и во рамките на тие мали групи, наставата е практично индивидуална, пришто професорот работи со секој студент поединечно при извршувањето на секоја ателиерска задача. Наставата се одвива така што студентите слушаат предавања и посетуваат вежби во ателјето. Наставата се состои од изработка на вежби, проектни задачи, домашни работи, како и работа во природа, во музеи како и на други локации (зоолошка градина, цркви, археолошки локалитети и др.) По другите предмети, наставата се одвива во групи, особено во делот на предавањата.

**СТУДИСКИ ПРОГРАМИ НА**
**ЛИКОВНАТА АКАДЕМИЈА, УГД - ШТИП**

**2017 – 2018**

**Дипломиран ликовен уметник од областа на класичното сликарство**

| | |
|---|---|
| ***Назив на студиската програма*** | **Класично сликарство** |
| ***Единица (каде се изведува студиската програма)*** | **Ликовна академија** |
| ***Наставно-научно / стручно-уметничко поле*** | **Ликовна уметност** |
| ***Научна област / уметничка област*** | **Хуманистички науки** |
| ***Вид на студии*** | **Додипломски** |
| ***Обем на студии, изразен во ЕКТС кредити*** | **240 ЕКТС** |
| ***Должина на студии*** | **4 год.** |
| ***Назив на диплома*** | **Дипломиран ликовен уметник од областа на класичното сликарство** |
| ***Веб-страница (со податоци за студиската програма)*** | http://www.ugd.edu.mk/images/LA/klasicno-slikarstvo-2014-15.pdf |

| **I СЕМЕСТАР – прва година** | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| Цртање 1 | 6 | 2+2+1 | 152 |
| Сликање 1 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Историја на уметноста 1 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Сликарска технологија 1 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Универзитетски изборен предмет 1*** Информатика | 6 | 2+2+1 | 152 |
| ***Универзитетски изборен предмет 2*** Странски јазик | 6 | 2+2+1 | 152 |
| **Спорт и рекреација*** | * | | |
| **Вкупно:** | **30** | **12+9+6** | **819** |

| **II СЕМЕСТАР - прва година** | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| Цртање 2 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Сликање 2 | 4 | 2+1+1 | 121 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Историја на уметноста 2 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Сликарска технологија 2 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Композиција 1 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Изборен предмет 1*** | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Универзитетски изборен предмет 3*** | 6 | 2+2+1 | 152 |
| **Вкупно:** | **30** | **14+8+7** | **878** |

| **II СЕМЕСТАР ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| Културна историја на Македонија | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Социологија на уметноста | 4 | 2+1+1 | 121 |

| **III СЕМЕСТАР – втора година** | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| Цртање 3 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Сликање 3 | 6 | 2+2+1 | 152 |
| Историја на уметноста 3 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Сликарска технологија 3 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Естетика 1 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Композиција 2 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Изборен предмет 2*** | 4 | 2+1+1 | 121 |
| **Вкупно:** | **30** | **14+8+7** | **878** |

| **III СЕМЕСТАР ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| Сликарска анатомија | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Резба | 4 | 2+1+1 | 121 |

| **IV СЕМЕСТАР – втора година** | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| Цртање 4 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Сликарство 4 | 6 | 2++1 | 152 |
| Композиција 3 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Историја на уметноста 4 | 4 | 2+1+1 | 121 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Сликарска технологија 4 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Естетика 2 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Изборен предмет 3*** | 4 | 2+1+1 | 121 |
| **Вкупно:** | **30** | **14+8+7** | **878** |

| **IV СЕМЕСТАР ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| Перспектива 1 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Теорија на ликовни уметности | 4 | 2+1+1 | 121 |

| **V СЕМЕСТАР – трета година** | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| Цртање 5 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Сликање 5 | 6 | 2+2+1 | 152 |
| Композиција 4 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Историја на уметноста 5 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Акт 1 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Изборен предмет 4*** | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Изборен предмет 5*** | 4 | 2+1+1 | 121 |
| **Вкупно:** | **30** | **14+8+7** | **878** |

| **V СЕМЕСТАР ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| Педагогија | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Психологија | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Керамика | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Перспектива 2 | 4 | 2+1+1 | 121 |

| **VI СЕМЕСТАР – трета година** | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| Цртање 6 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Сликање 6 | 6 | 2+2+1 | 152 |
| Историја на уметноста 6 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Акт 2 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Изборен предмет 6*** | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Изборен предмет 7*** | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Изборен предмет 8*** | 4 | 2+1+1 | 121 |
| **Вкупно:** | **30** | **14+8+7** | **878** |

| VI СЕМЕСТАР ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| Дидактика | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Методологија | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Конзервација | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Копирање на уметничко дело 1 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Вајање | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Графика | 4 | 2+1+1 | 121 |

| VII СЕМЕСТАР – четврта година | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| Цртање 7 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Сликање 7 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Историја на уметноста 7 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Универзитетски изборен предмет 4*** | 6 | 2+2+1 | 152 |
| ***Изборен предмет 9*** | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Изборен предмет 10*** | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Изборен предмет 11*** | 4 | 2+1+1 | 121 |
| **Вкупно:** | **30** | **14+8+7** | **878** |

| VII СЕМЕСТАР ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| Историја на религии | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Вајарски техники | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Графички техники | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Копирање на уметничко дело 2 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Визуелна култура | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Теорија и технологија на бои 1 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Методика на ликовно воспитание | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Дигитално сликарство | 4 | 2+1+1 | 121 |

| VIII СЕМЕСТАР – четврта година | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| Цртање 8 | 4 | 2+1+1 | 121 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Сликање 8 | 6 | 2+2+1 | 152 |
| Историја на уметноста 8 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| **Дипломски труд** | **6** | **0+0+6** | **153** |
| ***Универзитетски изборен предмет 5*** | 6 | 2+2+1 | 152 |
| ***Изборен предмет 12*** | 4 | 2+1+1 | 121 |
| **Вкупно:** | **30** | **10+7+11** | **820** |

| **VIII СЕМЕСТАР ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| Теорија и технологија на бои 2 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Ѕидно сликарство | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Портфолио | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Индустриски дизајн | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Менаџмент во културата | 4 | 2+1+1 | 121 |

## Дипломиран ликовен уметник од областа на вајарството

| | |
|---|---|
| ***Назив на студиската програма*** | **Вајарство** |
| ***Единица (каде се изведува студиската програма)*** | **Ликовна академија** |
| ***Наставно-научно / стручно-уметничко поле*** | **Ликовна уметност** |
| ***Научна област / уметничка област*** | **Хуманистички науки** |
| ***Вид на студии*** | **Додипломски** |
| ***Обем на студии, изразен во ЕКТС кредити*** | **240 ЕКТС** |
| ***Должина на студии*** | **4 год.** |
| ***Назив на диплома*** | **Дипломиран ликовен уметник од областа на вајарството** |
| ***Веб-страница (со податоци за студиската програма)*** | |

| **I СЕМЕСТАР – прва година** | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| Класично цртање 1 | 6 | 2+2+1 | 152 |
| Класично вајање 1 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Историја на уметноста 1 | 4 | 2+1+1 | 121 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Класични вајарски технологии 1 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Универзитетски изборен предмет 1***<br>Информатика | 6 | 2+2+1 | 152 |
| ***Универзитетски изборен предмет 1***<br>Странски јазик | 6 | 2+2+1 | 152 |
| **Спорт и рекреација*** | * | | |
| **Вкупно:** | **30** | **12+9+6** | **819** |

| **II СЕМЕСТАР – прва година** | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| Класично цртање 2 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Класично вајање 2 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Историја на уметноста 2 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Класични вајарски технологии 2 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Вајарска анатомија 1 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Изборен предмет 1***<br>• Композиција 1<br>• Теорија на ликовни уметности | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Универзитетски изборен предмет 3*** | 6 | 2+2+1 | 152 |
| **Вкупно:** | **30** | **14+8+7** | **878** |

| **III СЕМЕСТАР – втора година** | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| Класично цртање 3 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Класично вајање 3 | 6 | 2+2+1 | 152 |
| Историја на уметноста 3 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Класични вајарски технологии 3 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Вајарска анатомија 2 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Изборен предмет 2***<br>Естетика 1 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Изборен предмет 3***<br>• Композиција 2<br>• Фотографија | 4 | 2+1+1 | 121 |
| **Вкупно:** | **30** | **14+8+7** | **878** |

| IV СЕМЕСТАР – втора година | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| Класично цртање 4 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Класично вајање 4 | 6 | 2+2+1 | 152 |
| Историја на уметноста 2 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Класични вајарски технологии 4 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Вајарска анатомија 3 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Изборен предмет 4***<br>• Естетика 2<br>• Теорија на форма 1 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Изборен предмет 5***<br>• Композиција 3<br>• Историја на религиите | 4 | 2+1+1 | 121 |
| **Вкупно:** | **30** | **14+8+7** | **878** |

| V СЕМЕСТАР – трета година | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| Класично цртање 5 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Класично вајање 5 | 6 | 2+2+1 | 152 |
| Историја на уметноста 5 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Вајарска анатомија 5 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Изборен предмет 6***<br>• Акт 1<br>• Културна историја на Македонија | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Изборен предмет 7***<br>• Композиција 4<br>• Менаџмент во културата | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Изборен предмет 8***<br>• Просторно уредување<br>• Педагогија | 4 | 2+1+1 | 121 |
| **Вкупно:** | **30** | **14+8+7** | **878** |

| VI СЕМЕСТАР – трета година | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| Класично цртање 6 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Класично вајање 6 | 6 | 2+2+1 | 152 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Историја на уметноста 6 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Изборен предмет 9***<br>• Акт 2<br>• Графика | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Изборен предмет 10***<br>• Сликање<br>• Психологија<br>• Копирање на уметнички дела од областа на вајарството 1 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Изборен предмет 11***<br>• Социологија на уметноста<br>• Сликарски технологии<br>• Графички технологии | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Изборен предмет 12***<br>• Керамика<br>• Резба | 4 | 2+1+1 | 121 |
| **Вкупно:** | **30** | **14+8+7** | **878** |

| **VII СЕМЕСТАР – четврта година** | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| Цртање 7 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Вајање 7 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Историја на уметноста 7 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Универзитетски изборен предмет 4*** | 6 | 2+2+1 | 152 |
| ***Изборен предмет 13***<br>• Индустриска керамија<br>• Училишна докимологија<br>• Конзервација | 4 | 2+1+1 | 121 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***Изборен предмет 14***<br>• Училишна организација<br>• Копирање на уметнички дела од областа на вајарството 2 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| ***Изборен предмет 15***<br>• Теорија на ликовни уметности<br>• Портфолио<br>• Теорија на форма 2<br>• Керамички технологии | 4 | 2+1+1 | 121 |
| **Вкупно:** | **30** | **14+8+7** | **878** |

| **VIII СЕМЕСТАР – четврта година** | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| Цртање 8 | 6 | 2+2+1 | 152 |
| Вајање 8 | 6 | 2+2+1 | 152 |
| **Дипломски труд** | 8 | 0+0+8 | 153 |
| ***Универзитетски изборен предмет 5*** | 6 | 2+2+1 | 152 |
| ***Изборен предмет 16***<br>• Методика на ликовно образование<br>• Копирање на уметнички дела од областа на вајарството 3 | 4 | 2+1+1 | 121 |
| Педагошка практика | / | 0+0+8 | |
| **Вкупно:** | **30** | **8+7+20** | **920** |

**ЛИСТА НА УНИВЕРЗИТЕТСКИ ПРЕДМЕТИ**

| Код | Универзитетски изборни предмети (за 240 ЕКТС) | | | |
|---|---|---|---|---|
| UGD100112 | Странски јазик 1 – Англиски јазик 1 * | 6 | 0+0+4 | 156 |
| UGD100212 | Странски јазик 1 – Италијански јазик 1 * | 6 | 0+0+4 | 156 |
| UGD100312 | Странски јазик 1 – Германски јазик 1 * | 6 | 0+0+4 | 156 |
| UGD100412 | Странски јазик 1 – Француски јазик 1 * | 6 | 0+0+4 | 156 |
| UGD100512 | Странски јазик 1 – Шпански јазик 1 * | 6 | 0+0+4 | 156 |
| UGD100612 | Странски јазик 1 – Руски јазик 1 * | 6 | 0+0+4 | 156 |
| UGD100712 | Странски јазик 2 – Англиски јазик 2 * | 6 | 0+0+4 | 156 |
| UGD100812 | Странски јазик 2 – Италијански јазик 2 * | 6 | 0+0+4 | 156 |
| UGD100912 | Странски јазик 2 – Германски јазик 2 * | 6 | 0+0+4 | 156 |
| UGD101012 | Странски јазик 2 – Француски јазик 2 * | 6 | 0+0+4 | 156 |
| UGD101112 | Странски јазик 2 – Шпански јазик 2 * | 6 | 0+0+4 | 156 |
| UGD101212 | Странски јазик 2 – Руски јазик 2 * | 6 | 0+0+4 | 156 |
| UGD101412 | Математика | 6 | 2+2+1 | 156 |
| UGD101512 | Филозофија | 6 | 2+2+1 | 156 |
| UGD101612 | Етика | 6 | 2+2+1 | 156 |
| UGD101712 | Македонски јазик | 6 | 2+2+1 | 156 |
| UGD101812 | Претприемништво | 6 | 2+2+1 | 156 |
| UGD101912 | Заштита на животната средина | 6 | 2+2+1 | 156 |
| UGD102012 | Музика и уметност | 6 | 2+2+1 | 156 |
| UGD102112 | Национална историја | 6 | 2+2+1 | 156 |
| UGD102212 | Основи на туризмот | 6 | 2+2+1 | 156 |
| UGD102312 | Наука за земјата | 6 | 2+2+1 | 156 |
| UGD102412 | Физика | 6 | 2+2+1 | 156 |
| UGD102512 | Биологија | 6 | 2+2+1 | 156 |
| UGD102612 | Здравствена заштита | 6 | 2+2+1 | 156 |

**Избор на Универзитетски изборни предмети**

Изборот на универзитетските изборни предмети се врши на основа на принципот „прв пријавен прв услужен“. Максимален број на студенти во една група кои можат да слушаат еден универзитетски изборен предмет изнесува 120. Еден професор може да има максимум две групи на студенти. На еден универзитетски изборен предмет можат да бидат ангажирани максимум двајца наставници.

***Оценување и бодување***

На нашата Академија се едуцираат идни ликовни уметници и ликовни педагози, а наставата е и теориска и практична. Сепак, препорачан е принципот од Болоњската декларација, каде соодносот на предиспитните и испитните обврски на секој студент треба да е во

размер 70:30. Во предиспитните обврски се оценуваат повеќе аспекти од исполнителноста на студентот - неговата редовност и ангажираност во наставата, успешноста во извршувањето на зададените проектни задачи, апсолвирање на делови од материјалот преку полагање на колоквиуми, остварена ликовна практика и останати активности. Преодните оценки кои можат да ги добијат студентите се движат во опсегот од 6 до 10, со кои тие ги освојуваат и предвидените кредити за дадениот курс. Доколку студентот добие оценка 5, тој не ги освојува кредитите и се смета дека не го завршил курсот. Во продолжение ви ја приложуваме бодовната табела според која се врши оценувањето:

- од 0 до 50 бодови студентот добива оценка 5;
- од 51 до 60 бодови студентот добива оценка 6;
- од 61 до70 бодови студентот добива оценка 7;
- од 71 до 80 бодови студентот добива оценка 8;
- од 81 до 90 бодови студентот добива оценка 9;
- од 91 до 100 бодови студентот добива оценка 10.

***Задолжителни сесии за полагање***

Завршниот испит се полага на крајот од секој ислушан курс. Сите испити, без исключок, се едносеместрални, а студентите имаат можност за полагање на истите во три редовни сесии во годината – јануарска, јунска и септемвриска.

## МОЖНОСТИ ЗА КАРИЕРА

Стекнатото образование на Ликовната академија нуди широк спектар за кариера во јавниот и приватниот сектор, од учество во образовниот процес во основните и средните училишта (доколку кандидатите го одберат пакетот на педагошки изборни предмети) факултети (доколку студентите се стекнат со магистерски студии) како и самостојна работа и работа во приватни и јавни институции од областа на културата и уметноста. Но, она што е главен стремеж за нас е да им овозможиме на студентите можност за самостојна работа како квалификувани ликовни уметници кои можат самостојно да опстојуваат на пазарот на трудот во Македонија и надвор од неа.

## ПРИЕМЕН ИСПИТ

За да се запишете на Ликовната академија, потребно е да го положите приемниот испит, кој се состои од проверка на вашите знаења и способности.

**Класично сликарство**

Приемниот испит се одвива во период од три дена, пришто првиот ден се полага цртање портрет по жив модел, вториот ден цртање акт по жив модел, а третиот цртање и сликање мртва природа со акварел. На приемниот испит потребно е да донесете молив, гума, острилка, визирка, акварелни бои, четки и сад за вода. Хартијата за работа ја обезбедуваме ние.

**Вајарство**

Приемниот испит се одвива во период од три дена, притоа првиот ден се полага цртање портрет по жив модел, вториот ден цртање акт по жив модел, а третиот вајање на слободна форма во глина. На приемниот испит потребно е да донесете молив, гума, острилка, визирка, алатки за вајање. Хартијата и глината ги обезбедуваме ние.
**Датите за приемниот испит ќе бидат истакнати на веб страницата на Универзитетот.**

## НАСТАВНИЧКИ И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР

**Декан**
вонр. проф. д-р Катерина Деспот

**Продекан**
доц. м-р Јана Јакимовска

**Вонредни професори**
вонр. проф. д-р Катерина Деспот
вонр. проф. д-р Васка Сандева
вонр. проф. д-р Петар Намичев

**Доценти**
доц. м-р Јана Јакимовска
доц. м-р Јордан Ефремов
доц. м-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска
доц. м-р Слободан Милошески

**Надворешни соработници**
проф. Лариса Бондаренко

доц. м-р Игор Егоров
проф. д-р Никола Смилков
доц. д-р Викторија Егорова
доц. д-р Трајче Стојанов
вонр. проф. д-р Трајче Нацев
проф. Владимир Недајборшч
проф. Виталиј Бондаренко

**Секретар**
Ванчо Павлов

**Технички секретар**
Снежана Бардарова